**РАКОМЕТНА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**

**Предлог**

# П Р О П О З И Ц И И

## ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ

## СУПЕР МАШКА РАКОМЕТНА ЛИГА

## ЗА НАТПРЕВАРУВАЧКА СЕЗОНА 2019/2020

Врз основа на член 33 и 34 од Статутот на Ракометната Федерација на Македонија, како и член 12, 16, 17, 29 и 34 од Правилникот за ракометни натпреварувања, на предлог на Конференцијата на клубовите од супер машка ракометна лига, одржана на ден 19.06.2019 година, ги донесе следните:

# П Р Е Д Л О Г П Р О П О З И Ц И И
# ЗА НАТПРЕВАРУВАЊЕ ВО СУПЕР МАШКА РАКОМЕТНА ЛИГА ЗА НАТПРЕВАРУВАЧКА СЕЗОНА 2019/2020

## Член 1

Со овие Пропозиции се утврдува начинот и условите на натпреварувањето во ракометот во Република Северна Македонија за натпреварувачка сезона 2019/2020 година во Супер машка ракометна лига.

## Член 2

Во натпреварувањето во Супер машката ракометна лига учествуваат 12 (дванаесет) екипи.

Клубовите учесници во Супер лигата задолжително учествуваат во КУП натпреварувањето за тековната натпреварувачка сезона.

Победникот на Купот на Република Македонија ќе се стекне со право за учество во Челенџ купот на ЕХФ. Доколку победникот на купот е првак на државата и се стекне со право да игра во лигата на шампионите, тогаш финалистот на купот се стекнува со право за учество во Челенџ купот на ЕХФ.

Доколку некоја од екипите се откаже од учеството во Куп натпреварувањето, ке се казни со парична казна во висина од 30.000,оо денари и забрана на учество во Европските натпреварувања.

Пред почетокот на натпреварувачката сезона 2019/2020 ќе се игра СУПЕР КУП. Точниот термин и местото каде ќе се одигра натпреварот ќе го одреди комесарот за натпревари а ќе играат првакот и победникот на купот на Република Северна Македонија. Доколку првакот во иста сезона е и побеник во купот, тогаш за освојување на супер купот ќе играат првакот и финалистот на купот од сезона 2018/2019. Организатор на Супер Купот е РФМ.

## Член 3

Учесници во Супер машката ракометна лига во натпреварувачка сезона 2019/2020 се следните ракометни клубови со следните броеви кои се извлечени на состанок на клубовите на ден 19.06.2019 год. и тоа:

## СУПЕР МАШКА РАКОМЕТНА ЛИГА

| Нат. број | Ракометен клуб: | Место: |
|---|---|---|
| 4 | РК ПЕЛИСТЕР АД | Битола |
| 2 | РК ПРОЛЕТ 62 | Скопје |
| 7 | РК БУТЕЛ-СКОПЈЕ | Скопје |
| 3 | РК РАБОТНИЧКИ | Скопје |
| 6 | РК ВАРДАР ЈУНИОР | Скопје |
| 5 | РК РАДОВИШ | Радовиш |
| 8 | РК СТРУГА | Струга |
| 1 | РК МЕТАЛУРГ 2 | Скопје |
| 9 | РК ОХРИД 2013 | Охрид |
| 10 | РК МЕТАЛУРГ | Скопје |
| Рег. лига | РК ВАРДАР | Скопје |
| Рег. лига | РК ЕУРОФАРМ РАБОТНИК | Битола |
| | | |

Член 4

СУПЕР МАШКА ЛИГА

Супер лигата за мажи ќе брои 12 екипи, а натпреварите се играат по еднокружен бод систем од 10 екипи (2 x 9 = 18 кола) + 2 екипи од регионалната лига = 12 екипи, од кои по 6 екипи ќе играат плеј-оф или плеј-аут по завршување на 18. коло во националната лига (2 Х 5 кола), во зависност од освоеното место на табелата.
По завршување на 18 - коло од националното првенство – Прв дел, прво пласираните четри екипи од Супер лигата вклучувајки ги и двете екипи кои настапуваат во Регионалната лига, играат плеј-оф за одредување првак на Р.Македонија, учесници во регионална лига и пласман во Европските купови. Екипите стартуваат од 0 бодови.
Екипите пласирани во националното првенство (прв дел) од 5-мо до 10-то место играат плеј-аут натпревари, 5 кола Х 2 = 10 кола, односно вкупно 28 кола за секоја екипа. Екипите кои завземаат од 5-то до 10-то место во плеј-аутот продолжуваат со освоените бодови од 1-18 коло во ново направената мини табела составена од резултатите постигнати помеѓу екипите од 5-то до 10-то место.
По завршувањето на 28-то коло од првенството 12-то пласираната екипа од Супер машката лига ја напушта лигата, а 11-то пласираната екипа игра бараж натпревар со 2-ро пласираната екипа од Првата машка лига за 11-то место во Супер лигата. Прво пласираната екипа од Првата машка лига директно влегува во Супер лигата.
За место на одигрување на бараж натпреварот одлучува Комесарот за натпревари. Се игра еден натпревар на неутрален терен и ако истиот заврши со нерешен резултат, победникот се добива со изведување на седмерци. Организацијата паѓа на терет на екипите кои го играат бараж натпреварот, како и трошоците кои ги сносат подеднакво.
Доколку 11-то пласираната екипа се откаже од бараж натпреварот, местото автоматски го пополнува 2-ро пласираната екипа од Првата машка лига. Доколку 2-ро пласираната екипа од Првата лига не сака да учествува во бараж натпреварот (или директно да го пополни ), тогаш тоа место го завзема екипа со остварен пласман на 3-то место итн.
Екипите од Супер лигата за мажи се задолжуваат да пријават младински екипи, а за системот на натпреварување ќе се одлучи на Конференција на клубови во месец 16.08.2019 год.
Во машката младинска лига право на настап имаат ракометари родени 2000-та година и помлади. Промена на играњето на натпреварите може да дојде само во согласност со екипата противник. Во случај да ја напушти младинската лига или по своја вина биде исклучена од истата, екипата се дисквалификува заедно со сениорската екипа.
Доколку младинската екипа од неоправдани причини не одигра два натпревари истата заедно со сениорската екипа се исклучуваат од лигите.

Екипи кои ќе пријават учество во натпреварувачката 2019/2020 год, а не го започнат натпреварувањето, или по започнување се откажале во тек на сезоната, го губат правото да се натпреваруваат во било кои систем на натпреварување во траење од три години. Од гореспоменатото се иземаат екипите кои пред почетокот на следната натпреварувачката сезона во која сакаат да пријават екипа (може да пријават екипа само во најнизок ранг на такмичење за сениори), да уплатат сума од 60.000 денари на сметка на РФМ, за развој на младинскиот ракомет. Одговорното лице нема право да пријави нов клуб и вршење дејност во ракометниот спорт во траење до 3 (три) години.

Доколку пред самиот почеток на првенството за сезона 2019/2020, екипа која има статус на суперлигаш (или има обезбедено статус на суперлигаш) го откаже своето учество, Управниот Одбор на РФМ со одлука назначува учесник од понизок ранг за дополнување на Супер лигата.

Член 5

Сите натпреварите во Супер лигата се играат по Меѓународни правила на ракометната игра и нормативните акти на РФМ.
Екипите од Супер машка ракометна лига во записникот од натпреварот во составот на екипата може да внесат најмногу 16 ракометари.

Во сезоната 2019/2020, бројот на странски ракометари на натпревар од домашно првенство може да биде максимум 8 (осум) ракометари (од можните 16).

Ракометар кој настапил за младинската екипа нема право на настап за сениорската екипа, ако натпреварот се игра истиот ден.
Доколку прво настапува сениорската екипа ракометар може да настапи само на 1 (еден) натпревар (во сениорска или младинска конкуренција).

Доколку еден ракометар во истиот ден настапи за сениорската и младинската екипа, натпреварот од младинската лига се регистрира со службен резултат 10 : 0 и - 1 бод, а службениот претставник се казнува со забрана на вршење на сите функции во ракометниот спорт во траење од 3 (три) месеци.

Член 6

Со лигата непосредно раководи Комесарот за натпревари со седиште во Скопје во просториите на Ракометната Федерација на Македонија,
адреса: Ракометна Федерација на Македонија, пош. фах 271 , бул. Кузман Јосифовски - Питу бр. 15 Скопје , тел. 02/2464- 444 , 2464 - 000 ; факс 02/2401- 773 и интернет страна www.macedoniahandball.com.mk

Член 7

Натпреварите во првенството се играат 2 x 30 минути со пауза од 10 минути, со право на секоја екипа во текот на натпреварот да бара 3 (три) TEAM TIME - OUT во траење од 60 секунди (во едно полувреме може да се користат 2 тајм–аута а во другото полувреме еден тајм-аут, тоа зависи од изборот на екипата во кое полувреме ке користи еден а во кое два тајм-аута).
Службениот преставник на екипата, постапува согласно Меѓународните правила на ракометната игра за екипен TIME – OUT.
Бодовите за одиграниот натпревар се добиваат на следниот начин:

| | |
|---|---|
| а) ПОБЕДА | 3 БОДА |
| б) НЕРЕШЕНО | 1 БОД |
| в) ИЗГУБЕН НАТПРЕВАР | 0 БОД |

Член 8

Конечниот пласман на екипите за сезона 2019/2020 се прави по завршувањето на плеј оф и плеј аут натпреварите.
Екипите на табелата го заземаат редоследот врз база на збирот на освоени бодови.
Доколку две или повеќе екипи имаат освоено ист број на бодови, се употребува следниот систем на одредување на пласманот на табелата:

1. Во случај да 2 (две) екипи имаат ист број на бодови во конечната табела, пласманот се одредува на следниот начин:

- Подобро пласирана ќе биде екипата што има освоено повеќе бодови во меѓусебните натпревари.

- Доколку во меѓусебните натпревари имаат освоено ист број на бодови, тогаш подобро пласирана е екипата што има подобра гол-разлика во меѓусебните натпревари.
- Доколку во меѓусебните натпревари гол-разликата е иста, во тој случај подобро пласирана екипа ќе биде екипата што на гости има постигнато повеќе голови.
- Доколку во меѓусебните натпревари екипите имаат ист број на победи, со идентичен резултат (иста гол-разлика, исто постигнати голови дома и во гости), во тој случај екипите го делат местото. Ако е во прашање место на табелата кое одлучува кој ќе биде првак или за учество на некој од меѓународните купови, купот на Република Македонија, кој ќе игра плеј оф или пак одлучува за испаѓање од лигата, Комесарот за натпревари закажува одигрување на еден натпревар на неутрален терен. Местото на одигрување се одредува во согласност со екипите. Доколку екипите не постигнат согласност местото за одигрување го одредува комесарот за натпревари. Трошковите за овој натпревар ги сносат екипите учеснички рамноправно.

2. Во случај да 3 (три) или повеќе екипи имаат ист број на бодови во конечната табела, се прави МИНИ ТАБЕЛА на екипите со ист број на бодови а пласманот се одредува на следниот начин:

- Подобро пласирана ќе биде екипата што има освоено повеќе бодови во меѓусебните натпревари.
- Доколку во меѓусебните натпревари имаат освоено ист број на бодови, тогаш подобро пласирана е екипата што има подобра гол-разлика во меѓусебните натпревари.
- Доколку екипите имаат иста гол-разлика, подобро пласирана е екипата што има постигнато повеќе голови во меѓусебните натпревари.
- Во случај да екипите во меѓусебните дуели имаат ист број на бодови, иста гол разлика, ист број постигнати голови, во тој случај го делат местото. Ако е во прашање место на табелата кое одлучува кој ќе биде првак или за учество на некој од меѓународните купови, купот на Република Северна Македонија, кој ќе игра плеј оф или пак одлучува за испаѓање од лигата, Комесарот за натпревари закажува одигрување на МИНИ ТУРНИР (екипите ќе играат по еден натпревар меѓу себе) на неутрален терен. Местото на одигрување се одредува во согласност со екипите. Доколку екипите не постигнат согласност местото за одигрување го одредува комесарот за натпревари. Трошковите за овие натпревари ги сносат екипите учеснички рамноправно.

Член 9

Распоредот за одигрување на ракометните натпревари во лигите го одредува Комесарот за натпревари, врз основа на извлечените натпреварувачки броеви по Бергеровиот систем прикажани во член 3 од овие Пропозиции.
Влечењето се врши на Конференцијата на клубовите.

Член 10

За неодигран првенствен натпревар од неоправдани причини екипата го губи натпреварот со службен резултат 10 : 0 и минус еден ( -1 ) бод од бодовното салдо или доколку екипата нема освоено бодови, тогаш бодот ќе се одземе кога ќе ги освои бодовите.
Од неоправдани причини ќе се смета:
-Ако одредена екипа не одигра натпревар или не допатува, а нема оправдани причини;
-Ако теренот не бил ослободен по вина на организаторот;
-Ако одредена екипа одбие натпреварот да го водат делегираните судии;
-Ако одредена екипа не ги измири финансиските обврски спрема РФМ во рок од 10 дена по донесената одлука во прв степен од Дисциплинската комисија. Жалбата не го одложува извршувањето на уплатите на казните.

За горе наведените случаи натпреварот се регистрира со службен резултат 10 : 0 и се одзема автоматски по еден (-1) бод од бодовното салдо и екипата се казнува со 15.000,оо ден.

Ако во натпреварувачката сезона есен - пролет, од неоправдани причини некоја екипа не одигра два првенствени натпревари, се исклучува од натамошно натпреварување, и екипата се префрлува во најнизок ранг на натпреварување. Одговорното лице нема право да пријави нов клуб и врши дејност во ракометниот спорт во траење до 3 (три) години.
Ако во последните три кола од пролетниот дел или плеј офот, некоја екипа не допатува или на свој терен не одигра првенствен натпревар од неоправдани причини, се исклучува од лигата и се префрлува во најнизок ранг на натпреварувањето, а ќе се изрече и парична казна од 30.000,оо денари.
Во случај на одигрување на нов натпревар за висината на трошковите одлучува Комесарот за натпревари на барање на заинтересираниот клуб со приложена документација, со истовремено давање оценка на Комесарот за натпревари, дали екипата од неоправдани причини не настапила на тој натпревар. Комесарот за натпревари ја утврдува неоправданоста и го одредува износот кој виновниот клуб треба да го уплати на противничката екипа (само во случај на одигрување на нов натпревар). Клубот треба да постапи по член 10 од Пропозициите за измирување на трошоците.

Член 11

Сите натпревари во лигите се играат во сабота/недела и среда/четврток со почеток од 12:00 до 20:00 часот (со исклучок во договор со екипите и друг работен ден или со одлука на Комесарот за натпревари ако одложи натпревар во интерес на репрезентациите на Северна Македонија). Натпреварите кои се играат во работните денови се играат од 16:00 до 20:00 часот. Термините за одигрување на натпревари предвидени со овој член можат да се менуваат само во согласност на двете екипи.
Клубот домаќин е должен 7 (седум) дена пред одигрување на натпреварот до Комесарот за натпревари и клубот гостин да достави термин за одигрување на натпреварот (место, ден и час).
Во случај на ТВ пренос, денот и времето на одигрувањето го одредува Комесарот за натпревари и истиот неможе да биде поместен. Во случај да една од екипите одбие да игра во предвидениот термин за ТВ пренос, натпреварот го губи со резултат 10:0 (-1 бод).
Поместување на термините може да се направи во согласност со екипата противник или со одлука на Комесарот за натпревари ако одложи натпревар во интерес на репрезентациите на Република Северна Македонија.
Комесарот за натпревари може да го помести времето на одигрување на натпреварот на писмено барање од некоја екипа поднесено најдоцна 10 дена пред терминот предвиден за натпревар пропишан со овие Пропозиции, доколку има оправдани причини за што одлучува Комесарот за натпревари.
Комесарот за натпревари може да одложи поедини натпревари доколку една од екипите учествува во Европските купови или играчи од една екипа имаат настап во државни репрезентации предвидени во календар на ЕХФ или ИХФ или виша сила за што цени Комесарот за натпревари.

Екипа која дава играч во државната репрезентација на Северна Македонија, а игра во Супер лигата, има право натпреварот да го игра порано. Истата треба да го извести Комесарот за натпревари за утврдување на термин за одигрување. Противничката екипа мора да го прифати терминот предложен од Комесарот за натпревари.
Во случај на неприфаќање на терминот за одигрување на натпреварот, истиот ќе биде регистриран со службен резултат 10:0 и се одзема еден (-1) бод од бодовното салдо.
Поместувањето на утврдениот термин за играње (од сабота во недела, среда во четврток или обратно), клубот домаќин може да го измени со известување на

противничката екипа, службените лица и комисијата најдоцна 72 часа пред одигрување на натпреварот (исклучок е договорен ТВ пренос).
Во интерес на регуларноста на одвивањето на завршниот дел на првенството, Комесарот за натпревари може да одлучи во последните три кола од првенството одредени натпревари да се играат во ист ден и ист термин. Комесарот за натпревари е должен да закаже одигрување во исто време само одделни натпревари кои одлучуваат за пласманот на табелата.
Во исклучителни случаи во последите две кола Комесарот за натпревари.може да го одложи целото коло на лигите, доколку тоа го бараат општите интереси на ракометниот спорт.
Комесарот за натпревари по свое видување може поедини натпревари да ги утврди како натпревари од висок ризик.

На првенствените натпревари време на чекање на гостинската екипа е 60 минути, а на домашната екипа е 15 минути од закажаниот термин за почетокот на натпреварот.
Времето на чекање не важи доколку Комесарот за натпревари закажал одредени натпревари да се играат во исто време.
Доколку во овој период од 60 минути пристигне известување дека гостинската екипа ќе задоцни делегатот - контролор има право да го продолжи времето на чекање до 90 мин. од времето закажано за почеток на натпреварот.
Ако натпреварот поради оправдани причини не може да започне во определеното време, ќе се чека недостатоците заради кои натпреварот не може да започне, да се отстранат. Единствено судиите имаат право во консултација со претставниците на екипите и делегатот - контролорот да донесат одлука за можноста за одигрување на натпреварот. Доколку во рок од 2 часа условите не се променат, натпреварот нема да се игра. Натпреварот може да се одигра наредниот ден под услов на постигнат меѓусебен договор помеѓу екипите, со исклучок на последните три (3) кола од првенството. Судиите и делегатот - контролор мораат да поднесат опширен писмен извештај за причината поради која натпреварот неможел да се одигра. Комесарот за натпревари ќе одреди нов термин за одигрување на неодиграниот натпревар.
Комесарот за натпревари е должен терминот за одигрување на натпреварот да го закаже по добивањето на записникот - извештајот. Натпреварот мора да се одигра најдоцна 10 дена од прво закажаниот термин, освен во исклучителни случаи за кои одлучува Комесарот за натпревари.

Доколку клубот гостин побара да му се обезбедат влезници за натпреварот клубот домаќин е должен да му отстапи 10% билети од капацитетот на седиштата во салата. Доколку клубот домаќин не постапи по горенаведеното, се казнува со парична казна од 50.000 денари.

Член 12

Во интерес на регуларноста на завршниот дел од натпреварувањето Комесарот за натпревари може да донесе одлука сите или одредени натпревари од некое првенствено коло, да се одиграат во истиот ден и во исто време.
Сите заостанати натпревари од есенскиот дел на натпреварувањето мора да се одиграат до завршување на есенскиот дел, со исклучок доколку во последното коло некоја од екипите игра во ЕХФ натпреварувањето.
Одложените натпревари поради играње во ЕХФ Куповите и останатите натпреварувања се играат по редослед како што се предвидени во календарот.
Сите заостанати натпревари од есенскиот дел мора да се одиграат до почетокот на 15 - то коло од натпреварувањето.

Член 13

Комесарот за натпревари може да одложи или презакаже одредени натпревари или цело коло во следните случаи:

-епидемија, само согласно законската регулатива;
-елементарни непогоди, само согласно законската регулатива;
-забрана од страна на Здравствената установа или надлежниот орган на локалната самоуправа за напуштање на населено место;
-виша сила согласно законот за виша сила;
-учество на екипата во натпреварите во Куповите на ЕХФ (предвидено во член 11) и посебен интерес за Република Северна Македонија за што цени Комесарот за натпревари;
-учество на репрезентациите на Република Северна Македонија на меѓународен натпревар во интерес на Република Северна Македонија;
-писмено барање и договор на двете екипи со образложение за причините на одлагањето. Оправданоста на образложението го цени Комесарот за натпревари и по истото донесува одлука.

Еднаш одложен натпревар на овој начин клубовите немаат право на повторно барање за одлагање на истиот. Потребна е согласност на клубот чиј натпревар се одложува и претходно договорен термин за одигрување на одложениот натпревар кој се доставува до Комесарот за натпревари најдоцна 72 часа пред закажаниот термин и истиот мора да се одигра најдоцна седум дена од претходно предвидениот термин.

Екипа која учествува во ЕХФ натпреварување, натпреварите од домашното првенство кои се совпаѓаат со датумот на играње на ЕХФ натпревар,е обврзана да ги одигра максимум 14 дена пред предвидениот термин предвиден со календарот за натпреварување (во согласност со противничката екипа и комесарот за натпревари).

-поради меѓународен натпревар во земјата и надвор со одобрение на Комесарот за натпревари (потребна е консултација како во член 11).
-поради учество на еден или повеќе репрезентативци на Македонија.
-за секој друг случај за одлагање на натпреварот е неопходна согласност на екипата противник и оцена на Комесарот за натпревари за оправданоста на евентуалното одлагање на натпреварот, (со исклучок на натпревар кој е закажан со ТВ пренос).

Секоја екипа која сака да игра меѓународен пријателски натпревар мора истиот да биде пријавен во РФМ и до комесарот за натпревари.

## Член 14

Натпреварите се играат во сали.

Салите во кои се играат натпреварите мора да ги исполнуваат следните услови:
-теренот - просторот за играње да е со димензии 40 x 20 метри, а подот да е направен од материјал од пластична маса или паркет;
-просторот за игра мора да биде одвоен од гледачите, со појака преграда - ограда. Преградата мора да го спречи влегувањето на публиката на теренот и можно е да се наоѓа само на страната на гледачите. Висината на оградата е еден (1) метар, гледалиштето да има најмалку 300 места со посебен влез за гледачите ;
-ако контролорот оцени дека во салата каде се игра натпреварот има повеќе гледачи од капацитетот на салата (пред почеток на сезона сите екипи должни се писмено да достават капацитет на сала каде што ке играат), натпреварот нема да започне. Времето на чекање да се испразни вишокот на гледачи е 15 минути. Ако во тој период домаќинот не успее да да обезбеди нормални услови во гледалиштето, натпреварот нема да се игра а домаќинот ке го изгуби натпреварот со службен резултат 10:0 и минус бод од бодовното салдо и парична казна во висина од 100.000,00 (сто илјади) денари.
-салата мора да биде осветлена со распоред на светлосни извори кои нема да им пречат на играчите. За електричното осветлување одлучуваат службените лица на натпреварот;
-таваницата или светлосните извори мора да бидат одалечени најмалку 7 метри од подот;
-салите мора да бидат обезбедени со систем за ладење-греење.Минимална температура треба да биде +16 а максимална +24 степени.

-осветлувањето мора да биде минимум 800 лукса (светлото да биде распоредено подеднакво низ целиот терен).
-во салата за секоја екипа и судиите треба да има соблекувални со тушеви (топла и ладна вода), санитарен чвор, просторија во која се составува записник и извештај од одиграниот натпревар;
-во одреден простор на теренот да е поставена записничка маса ( за 5 лица) и од двете страни клупи за резервни играчи и функционери (16 столчиња). Треба да има маса за службен спикер и лекар;
-треба да има место на трибините означени со ознаката ПРЕСС за новинари обезбедено исклучиво за акредитирани новинари, а 15 мин пред почеток на натпреварот да обезбеди минимум 10 копии од записникот за новинари. Копиите да ги подели на ПРЕСС местата одредени за новинарите;
-да обезбеди приклучок за струја за новинари;
-да обезбеди интернет приклучок за новинари;
-задолжително да обезбеди компјутер, принтер и интернет во просторијата каде се прави записникот.
-задолжително да обезбеди интернет со доволна брзина во сала поради пренос на натпреварот (live stream);
-на најпогодно место на игралиштето видно за службени лица и екипите мора да се постави СЕМАФОР заради следење на резултатот, а времето задолжително се мери од 0 - 30 минути или 2 х 30 минути со автоматска сирена за крај на прво и второ полувреме;
-влезот на играчите и службените лица на теренот мора да биде преку службен влез осигуран без можности за контакт со гледачите. Клупите за резервни играчи (16 лица) исто така мора да бидат обезбедени од непосреден контакт со гледачите.
-да има најмалку две (2) исправни топки и три (3) исправни штоперици од кои едната да биде со автоматско запирање и мерење на времето без претходно враќање;
-во просторијата каде што се пополнува записникот (или на записничката маса во нови сали) се дозволува присуство на еден (1) претставник на екипите, судиите, делегатот-контролор, записничар, мерач на времето, лекар и главен дежурен. Точноста на пријавените ракометари и официјални претставници пријавени од страна на претставниците (во записникот) се потпишува пред натпреварот, како и примедби за настап на ракометари. По завршување на натпреварот, службените преставници на екипите уште еднаш го потпишуваат комплетно пополнетиот записник.
-пред почеток на натпреварот да се овозможи на делегатот - контролор во присуство на по еден претставник на екипите, судиите и записничарот да изврши преглед на спортската опрема, листа на ракометари кои на тој натпревар настапуваат, а дополнување на записникот со нови играчи, доколку екипата не е во полн состав се дозволува спрема Правилата на ракометната игра. Ниту еден играч или службен преставник на екипа нема право да носи опрема или маици со политички обележја.

Пред почетокот на секој натпревар, домашната екипа од страна на РФМ добива изготвен записник со податоци за време на одигрување на натпревар, место на одигрување на натпревар и службени лица.
Истиот записник, записничарот заедно со претставниците на клубовите и делегатот го пополнува во електронска форма пред почетокот на самиот натпревар.
По завршување на натпреварот записникот се проверува и ако е се во ред, истиот во електронска форма се препраќа до одговорните лица во РФМ.
Записникот се зачувува во системот на РФМ и сите заинтересирани страни можат да направат копии.
Ако за натпреварот се најавува жалба, забелешка од службените лица (службени претставници на екипи, судии, контролори) или има дисквалификувани играчи – плав картон или службени лица кои треба да дадат изјава, истите во рок од 24 часа во електронска верзија да ги достават на следните електронски адреси:

rfm.prvenstvo@macedoniahandball.com.mk, nikolovslave@yahoo.com,karbeska@gmail.com, Делегатот-контролор во случај на најавена жалба од екипа, задолжително во писмена форма, по е-маил (на претходните 3 електронски адреси) поднесува изјава со свое видување во однос на жалбата.
Изјавата се испраќа на следните електронски адреси: nikolovslave@yahoo.com, karbeska@gmail.com, rfm.prvenstvo@macedoniahandball.com.mk

-во салите каде што се одигруваат првенствени натпревари клубот домаќин е должен да постави заштитни боксови позади записничката маса и клупите за резервни играчи и службени лица. Од ова се иземаат салите каде што позади записничката маса и просторот за резервни играчи и службени лица нема простор за гледачи;
-да се осигура ред на игралиштето и да се обезбеди нормален тек на натпреварите, клубовите се обавезни да назначат лице одговорно за безбедност;
-клубот домаќин е должен да обезбеди лице одговорно за теренот за игра, пред и за време на натпреварот (лицето треба да биде присутно на техничкиот состанок со делегатот и претставници на клубовите 1 (еден) час пред почеток на натпреварот);
-во салите да спречи внесување и истакнување на транспаренти, знамиња и други предмети со текст, слики, знак или други политички обележија, како и пеење на песни или дофрлувања на пораки кои предизвикуваат и поттикнуваат омраза или насилство врз основа на расна, национална и верска припадност или врз основа на други особини;
Доколку клубот домаќин – организатор на натпреварот не спроведе било кој услов од горенаведените, ќе биде казнет со парична казна во износ до 30.000,оо ден.
-организаторот на спортските натпревари е должен да основа редарска служба која ќе ги врши работите на физичко обезбедување и одржување на редот на спортските натпревари, согласно Законот за безбедност, Законот за насилство во спортот и Законок за спорт.

**Редарска служба е должна да:**
-Забрани пристап во објектот во кој се одржува натпреварот на лица кои се под дејство на алкохол или други опојни средства;
-Оневозможи внесување или продажба на алкохолни пијалоци во спортскиот објект;
-Оневозможи внесување предмети кои можат да се употребат за насилно однесување или транспаренти и обележја со кои се потикнува расна, национална, верска или друга нетрпеливост, како и транспаренти со политички содржини;
-Ги опомене односно отстрани гледачите кои можат со пеење на песни или дофрлувања на навредливи пораки да предизвикаат и поттикнат омраза врз основа на расна, национална и верска припадност;
-Ги опомене односно оддалечи - отстрани гледачите со чие недостојно однесување може да се предизвика насилство на спортските натпревари;
-Организаторот е должен да оствари соработка со МВР, заради спроведување на мерките кои се однесуваат на одржување на јавниот ред и мир
Во текот на натпреварот во колку од страна на публиката дојде до неспортско навивање (вулгарно) и лични навреди на играчите, судиите и останатите службени лица како и службите на РФМ, делегатот е должен да го опомене претставникот на домашната екипа, кој ќе ја предупреди публиката да престане со неспортското навивање. Доколку се продолжи со неспортско однесување, делегатот повторно треба да интервенира кај претставникот на екипата, со напомена дека доколку се продолжи со неспортското навивање ќе се отстрани дел од публиката која неспортски се однесувала, а во потешки случаи и целосно отстранување на публиката од трибините, односно да постапат согласно Законот за безбедност, Законот за насилство во спортот и Законот за спорт.

**Клубот ќе биде казнет во следните случаи:**
-за фрлена петарда во сала,

-повеќе фрлени петарди,
-за секое фрлање на останати предмети (запалки, монети, шишиња, ролни хартија и други ситни метални и тврди предмети опасни по здравјето и животот на актерите на натпреварот),
-влегување на публика во терен,
-недолично скандирање или скандирање по национална, верска и расна основа на навивачки групи,
За сите прекршоци од претходните 5 става, клубот ќе биде казнет со парична казна до 150.000 денари.
За секое наредно повторување на прекршоците од претходните ставови клубот ќе биде казнет со парична казна и играње три натпревари на свој терен без присуство на публика.
За прекршоци кои не се наведени во овој член, ќе бидат применети одредбите од Дисциплински правилник на РФМ.
Горенаведените одредби се однесуваат и на гостинската екипа во случај прекршоците да бидат направени од страна на нивните симпатизери-навивачи.

Клубот домаќин е одговорен за безбедноста на службените лица и гостинската екипа од самото влегување до самото излегување од сала.
Доколку судиите или делегатот-контролор бараат, домаќинот е должен да им гарантира и овозможи безбедно враќање во нивното место на живеење.
Во случај да домашната екипа не се придржува до горенаведените одредби, ке биде санкциониран согласно дисциплинскиот правилник РФМ.
Домаќинот е должен да обезбеди лекар. Секој лекар треба да има лиценца и да биде присутен 30 минути пред почеток на натпреварот.
Во случај да не се појави лиценцираниот лекар во предвиденото време, клубот домаќин е должен да обезбеди друг лекар. Во случај да до почетокот на натпреварот не дојде лекар (време на чекање е 30 мин.), улогата на лекар ја презема гостинскиот лекар доколку гостинската екипа го има пријавено во записникот. Клубот домаќин е должен на лекарот на гостинската екипа пред натпреварот да му исплати такса во висина од 1.000,оо ден. Доколку на натпреварот воопшто нема лекар натпреварот не се игра, а клубот домаќин ќе биде казнет со парична казна од 15.000,00 денари.
Натпреварот ќе се одигра дополнително со одлука на Комесарот за натпревари во рок од три дена, а клубот домаќин ќе ги сноси трошоците на гостинската екипа и на службените лица, а висината на трошоците ја одредува Комесарот за натпревари.
За натпреварите од последните три кола кои се закажани во ист термин, лекарот не се чека, домаќинот службено го губи натпреварот. Покрај горе наведената казна натпреварот ќе се регистрира со службен резулатат 10:0 за противничката екипа и минус -1 бод за домашната екипа и екипата се префрла во најнизок ранг на натпреварување.
Идентификација на нелиценциран лекар врши делегатот-контролор на натпреварот кој во записникот е должен да наведе: име и презиме, број на лична карта или број на лекарска легитимација, место на вработување и функција.
-секоја екипа мора да настапува со лиценциран тренер (да поседува лиценца од здружение на тренери), со исклучок на болест или казна на тренерот, во овој случај екипата настапува со 3 службени претставници на клупата за резервни играчи.
-доколку нема лиценциран тренер за време на натпреварот, клубот се казнува со парична казна од 10.000,оо денари.

Член 15

Во сезоната 2019/2020 сите натпревари од Супер машката лига ке одат со LIVE STREAM (во живо на WEB страната на РФМ), За натпреварот што се пренесува во живо (LIVE STREAM на WEB страната на РФМ) екипата домаќин е должна да обезбеди лице со опрема за вршење на LIVE STREAM. Лицето што врши LIVE STREAM е должно да ги сними сите случувања на теренот, од загревањето на екипите, до завршување на

натпреварот (ако има проблеми и на полувреме), се додека играчите не го напуштат теренот за игра. Истиот е должен да направи 2 (две ЦД-а), по едно за екипите што играат. За услугата, лицето што врши LIVE STREAM, се договара со клубот домаќин.
Во случај да клубот домаќин не обезбеди лице за вршење на LIVE STREAM, натпреварот мора да биде снимен на ЦД-УСБ. Во тој случај клубот домаќин ќе биде казнет со парична казна во висина од 20.000,00 (дваесет илјади) денари.
Доколку клубот домаќин не обезбеди LIVE STREAM или обично снимање во закажаното време, времето на чекање е 30 минути. Доколку и по чекањето од 30 минути не се обезбеди LIVE STREAM или снимање, натпреварот нема да се одигра. Натпреварот ќе се регистрира со службен резултат 10:0 за гостинската екипа и минус еден (-1) бод од бодовното салдо на домашната екипа. Домашната екипа ќе биде казнета со парична казна во висина од 30.000,00 (триесет илјади ) денари.

-Гостинската екипа може по свое барање одреден натпревар да снима со видео камера. Барањето се доставува во писмена форма до делегатот на техничкиот состанок, најдоцна 30 мин. пред почеток на натпреварот.
-Клубот домаќин е должен да обезбеди услови за несметано снимање. Доколку не дозволи снимање на натпреварот (дозволено чекање е 15 минути), делегатот нема да дозволи одигрување на натпреварот, а неодиграниот натпревар ќе се регистрира со службен резултат 10 : 0 за противничката екипа и минус еден (-1) бод од домашната екипа, која ги сноси и трошоците на службените лица.
Во случај домаќинот стручно и квалитетно не го сними натпреварот ќе се казни со парична казна од 30.000,оо денари. Натпреварот на ЦД се снима целосно и снимањето започнува од загревање а завршува задолжително по напуштање на сите ракометари и службени лица од теренот - игралиштето (вклучувајќи ги сите спорни моменти, тајм - аути и прекини ).
Ако на натпреварот има спорни моменти, а истите не бидат снимени, за што одлучува Комесарот за натпревари, по гледањето на ЦД-то или УСБ-то, клубот домаќин се казнува со парична казна од 50.000,оо денари.
Ако на натпреварот има жалба, а натпреварот не е снимен на ЦД или УСБ (предадено празно ЦД или УСБ како снимена), клубот домаќин ќе се казни со 100.000,оо ден. и истиот го губи натпреварот со 10 : 0 и (- 1) минус еден бод од бодовното салдо.
Доколку клубот домаќин поднесе жалба, а ЦД-то не е снимено, по жалбата одлучува Дисциплинската комисија врз основа на изјавите на службените лица.
Да се обезбедат 10 места во секоја сала за ПРЕС.

Член 16

На натпреварите клубовите учесници во натпреварувањето настапуваат по правило во своите клубски бои назначени во адресарот од овие Пропозиции. Во случај на исти бои на дресовите предност има домашната екипа, што значи дека гостинската екипа мора да обезбеди две гарнитури дресови со различни бои од боите пријавени од страна на клубот домаќин при гостувањето. Секоја екипа е должна да ја пријави бојата на дресовите со која ќе настапува во првенството пред одржување на Конференцијата на клубовите при извлекување на натпреварувачките броеви.
Голманите од една екипа мора да имаат иста боја на дресови. Доколку се случи гостинската екипа да има иста боја дресови како и домашната екипа и нема можност да ги смени дресовите, натпреварот нема да се одигра и истиот ќе се регистрира со службен резултат за противничката екипа 10:0 и минус еден (-1) бод од бодовното салдо на гостинската екипа, како и ќе се казни со парична казна од 20.000,оо денари. За бојата одлучуваат службените лица.
Дресовите задолжително се означуваат со броеви во големина од 20 см на грбот и 10 см на градите. Броевите на дресовите мора да се слагаат со броевите на играчите во записникот од натпреварот. Играчите мора да настапуваат во еднообразна и пристојна спортска опрема.

Делегатот - контролор е должен во записникот да ги констатира недостатоците од овие две одредби, а секој недостаток повлекува парична казна од по 1500,00 денари.

Член 17

Сите ракометари мора да бидат редовно лекарски прегледани и прогласени способни за игра. Здравствената контрола на учесниците во спортските активности ја врши лекар специјалист по спортска медицина.
Во општините во кои нема специјалист по спортска медицина, здравствената контрола на спортистите ќе ја врши лекар-специјалист по општа медицина или специјалист по внатрешни болести, внесен и заверен во натпреварувачката книшка и не смее да биде постар од шест месеци од денот кога е извршен.
Ракометар без редовно извршен и заверен лекарски преглед или преглед постар од 6 месеци нема да биде внесен во списокот (во системот) на играчи кои имаат право на настап во системот.

Член 18

На натпреварите во натпреварувачката сезона 2019/2020 год. право на настап имаат сите правилно регистрирани и лиценцирани ракометари и тоа во есенскиот дел родени 2003 година и постари, а пролетниот дел 2004 година и постари.
Ракометар кој е лиценциран и како службено лице ( А, Б, Ц, Д, Е и Ф) има единствен број на лиценца.
На ист натпревар, ракометар не може да биде внесен во записникот како играч и како службено лице
Право на настап можат да имаат и помлади ракометари кои покрај редовниот лекарски преглед мора да имаат извршено и систематски специјалистички преглед и истите мора да бидат приложени во Ракометна федерација при внесување во системот.
Против клубот кој ќе ги прекрши одредбите за старост на ракометари ќе се применуваат дисциплински мерки во склад со одредбите на овие Пропозиции и Дисциплинскиот правилник на Ракометната Федерација на Македонија.

Член 19

Во натпреварувачката сезона 2019/2020, секоја екипа има право да пријави листа со максимум 28 играчи. Екипа што има пријавено помал број од 28 играчи, во текот на преодниот рок може списокот да го надополни до 28 играчи. Екипа која веќе има пријавено листа со 28 играчи и во преодниот рок ангажира нов играч, има право на замена на играч од постојната листа (замените можат да се прават само додека трае преодниот рок). По завршувањето на преодниот рок (28.02.2020), клубовите немаат право на замена или пријавување на нови играчи.
На натпреварите во лигата службените претставници на екипите задолжително еден час пред почетокот на натпреварот на делегатот - контролор му ја доставуваат листата со заокружени максимум 16 играчи (максимум може да има 8 (осум) странци) и 4 службени лица од кои 1 мора да има тренерска лиценца (ринк).
Екипите се должни, најдоцна 7 дена пред почетокот на есенската и 7 дена почетокот на пролетната полусезона, во Ракометна федерација да достават список со максимум 28 играчи со валиден извршен лекарски преглед , да истите добијат лиценци и бидат внесени во системот. Кога играчите ќе бидат уредно внесени во системот, на екипите им се дава заверен список со играчи кои имаат право на настап.
Играч кој не е на листата и не е внесен во системот, НЕМА ПРАВО НА НАСТАП.
Ако се утврди дека на натпревар настапил играч кој не е во системот, играч кој немал право на настап или настапил под друго име, натпреварот се регистрира со службен резултат 10:0 и се одзема еден (-1) бод од бодовното салдо на екипата за која настапил.
Делегатот контролор има право да бара документ за идентификација на одреден играч ако постои сомневање за нивниот идентитет.
Служебните претставници на клубовите мора да бидат лиценцирани за тековната натпреварувачка сезона и да ја поседуваат легитимацијата. Во спротивно не можат да

бидат внесени во системот, односно не можат да бидат внесени во записникот и да седат на клупата за резервни играчи.
На клупата за резервни играчи можат да седат максимум четири преставници и тоа само по еден претставник со лиценца А, Б, Ц, Д, Е, или Ф.

Член 20

Организатор на натпреварот и домаќин е клубот кој е во официјалниот распоред на натпреварите прво назначен од Комесарот за натпревари.
Домаќинот е обврзан најдоцна 3 дена (72 часа) пред почетокот на натпреварот да ги извести по електронска пошта гостинската екипа, судиите, делегат-контролорот, Комесарот за натпревари и надлежниот збор на судии (за одредување на записничари и мерачи на времето), во која точно ќе го назначи денот, часот и салата на играње на натпреварот. (Ова се однесува ако во редовното делегирање не е утврден терминот за одигрување на натпреварот или го менува терминот од сабота во недела, односно среда/четврток и обратно). Во случај на неблаговремено известување на било кои од службените лица, противникот и Комесарот за натпревари , домаќинот ќе биде казнет со парична казна од 5.000,оо денари.
Доколку натпреварот не се одигра од горе наведените причини Комесарот за натпревари закажува нов натпревар, а трошоците за гостинската екипа и службените лица за кои одлука носи Комесарот за натпревари ги сноси клубот домаќин и истите задолжително се исплаќаат пред почетокот на натпреварот.
Доколку во рок од 48 часа пред одигрување на натпреварот гостинот побара, домаќинот е должен во местото на играње на натпреварот да му резервира сместување и исхрана, а трошоците ги сноси барателот.
Доколку домаќинот не го стори тоа ќе биде казнет со парична казна од 10.000,оо денари и ќе ги подмири трошковите на гостинската екипа кои ќе произлезат од неизвршувањето на оваа обврска.

Член 21

Домаќинот е должен покрај редовната декорација во салата на видно место го постави знамето на Р. Северна Македонија и знамето на РФМ со димензии 1,40 Х 2,10мт..
Домаќинот е должен да организира обезбедување (неопходен број редари), навреме со допис да го пријави натпреварот во МВР - во подрачната единица на која се одигрува натпреварот за што е должен на делегатот да му достави заверена пријава. За присуство на полицијата одлучува Полициската станица.
Доколку домаќинот не приложи доказ дека натпреварот е пријавен во МВР истиот нема да се одигра и ќе биде регистриран со службен резултат 10 : 0, -1 бод а клубот домаќин ќе биде казнет со парична казна во висина од 40.000,оо ден. која мора да ја плати најдоцна 7 дена од донесувањето на одлуката на Дисциплинската комисија.
На делегатот да му се обезбеди лице кое ќе ја врши функцијата – лице одговрно за безбедност. Домаќинот е должен да води грижа за потполн ред во салата и да ги преземе сите мерки во склад со прописите на Ракометната Федерација на Македонија, Законот за спортот и Законот за насилство во спортот и ги обезбеди сите услови за нормално и регуларно играње на натпреварот.
Забрането е пушење и служење на алкохолни пијлоци во салата за играње.
Домаќинот е должен да обезбеди потполна безбедност на гостинот и сите службени лица (судиите, делегатот - контролор, записничарот и мерачот на времето) се додека сите учесници на натпреварот не ја напуштат салата во која се одиграл натпреварот. Доколку гостинот или некој од службените лица побара, домаќинот е должен да им гарантира потполна безбедност до поаѓање со прво превозно средство од местото на играње на натпреварот или до возилото со кое допатувале екипата и службените лица.
Доколку домаќинот не исполни било кој од овие барања наведени во претходните ставови од овој член ќе се смета дека натпреварот е слабо организиран.

Во тој случај домаќинот ќе биде казнет со парична казна во износ од 50.000,оо денари и играње без присуство на гледачи најповеќе до три (3) натпревари или со забрана на играње на најповеќе до пет (5) натпревари во своето место (во тој случај натпреварите мораат да се играат во место одалечено најмалку 50 км од казнетото место во сала регистрирана од РФМ).

Член 22

Домаќинот е должен за нормално играње на натпреварот да обезбеди најмалку три (3) штоперици за мерење на времето на траење на играта, свирка, жолт и црвен картон,тајм аут Т1,Т2,Т3, две исправни топки и за сите службени лица и раководствата на екипите да има пропишани картички за идентификација . Клубот домаќин е должен да ги обезбеди сите потребни услови за ТВ пренос на натпревари. Кога таков пренос е обезбеден во склад со одредбите на спогодбата кои надлежниот орган на РФМ ги склучува секоја година со една национална ТВ куќа. Рок за известување на ТВ преносот се одредува најмалку 48 часа пред одигрување на натпреварот.

Клубот домаќин согласно Договорот, должен е во писмена форма да ги достави своите рекламни пораки и спотови до канцеларијата на РФМ најдоцна 48 часа пред одигрување на натпреварот. (во случај да не достави се смета дека нема материјал и интерес за рекламирање на своите спонзори).

Во колку домаќинот не исполни било кое од наведените барања во овој член, ќе се смета дека натпреварот е слабо организиран и ќе се применат одредени санкции од овие Пропозиции од член 21.

Член 23

Таксите на судиите, делегатот - контролорот, записничарот и мерачот на времето се исплатуваат пред почетокот на натпреварот, односно на трансакциска сметка. Данокот го плаќа клубот. Копија од уплатницата за платена такса и данок, клубот домаќин е должен да им ги предаде на службените лица пред почетокот на натпреварот. Разликата во таксата на судиите и делегатот-контролорот од 1000 денари ги исплатува РФМ на трансакциска сметка. Данокот за разликата го плака РФМ. Патните трошоци службените лица ги наплатуваат со патен налог. Доколку не се исплатат трошоците пред натпреварот, истиот нема да започне. Натпреварот ќе биде од страна на Комесарот за натпревари регистриран со службен резултат од 10:0 во полза на гостинската екипа и минус еден (-1) бод од бодовното салдо на домашната екипа.

Доколку ова се случи во последните три кола од редовното натпреврување, натпреварот се регистрира со 10:0 за противникот и (-1) бод, а екипата која не го исполнила горното барање се префрла во најнизок ранг на натпреварување.

Ако натпреварот се игра во работен ден, на службените лица им следува 1 (една) дневница во износ од 600,00 денари (важи само ако службените лица се надвор од местото каде се игра натпреварот).

Домаќинот ги подмирува сите трошоци за организирање на натпреварот (салата, редарската служба, дежурниот лекар, озвучувањето, LIVE STREAM и сл.).

Правото на бесплатно посетување на сите ракометни натпревари имаат сите лица кои поседуваат службена легитимација издадена од РФМ (Здружение на судии и контролори), лица кои ќе добијат пропусници за посетување на натпревари од РФМ (членови на УО на РФМ и спонзори), како и претставници на јавното информирање.

За секој натпревар задолжително мора да има озвучување на салата само кога се врши ТВ пренос. Во колку домаќинот не обезбеди озвучување ќе биде парично казнет во износ од 6.000,оо денари.

Секоја екипа во Супер лигата за мажи по одлука на Управниот одбор на РФМ е должна за есенскиот дел да уплати учество во лигата - котизација во износ од 30.000,00 денари кој се уплаќа 10 дена пред почеток на есенскиот дел, како и износ од 30.000,00 денари кој се уплаќа 10 дена пред пролетниот дел, како уплата за учество во лигата за сезона 2019/2020 година, во спротивно нема да го започне натпреварувањето.

Уплата за учество во лигата - котизација се врши на жиро сметка 270050873250193 Халк Бнка ЕДБ 4030995161002 за Ракометната Федерација на Македонија.

Член 24

За секој натпревар Комесарот за натпревари одредува судии и делегат - контролор кој всушност го застапува Комесарот за натпревари и има целосен надзор над првенствениот натпревар. Комесарот за натпревари донесува посебно упатство за должностите и правата на делегат - контролорот. Доколку делегираниот делегат - контролор не дојде на првенствениот натпревар, неговата должност ја превзема првоименованиот судија во делегирањето.

Делегатот - контролор со судиите и по еден службен преставник на клубовите, еден час пред закажаниот термин за почеток на натпреварот, се должни да одржат технички состанок, на кој ќе се прегледат доставените листи со максимум 16 одредени играчи и максимум 4 службени преставници, опремата со која ќе настапуваат екипите, ќе се составува записникот и ќе се договорат сите потребни активности околу организација на натпреварот.

Службените лица можат најдоцна 96 часа пред почнување на натпреварот да го откажат делегирањето, а оправданоста на отказот ја цени Комесарот за натпревари.

Неоправдано откажување или недоаѓање повлекува дисциплинска постапка и казна согласно Дисциплинскиот правилник на РФМ.

Комесарот за натпревари, за поважните натпревари одредува контролор - набљудувач кој нема да биде познат за двете екипи, судиите и делегатот на натпреварот. Комесарот за натпревари на поедини натпревари може да делегира двајца делегати - контролори. Трошковите за вториот делегат ги сносат двата клуба подеднакво и се исплаќаат пред натпревар.

Истиот треба писмено да го извести Комесарот за натпревари за евентуалните неправилности на натпреварот, а истиот да превземе соодветни мерки (преку преглед на ЦД-то или УСБ-то и контрола од истиот натпревар). При оваа контрола што ја врши Комесарот за натпревари, задолжително е присуството на контролорот - наблудувач по чиј предлог се врши контрола.

Трошоците за контролорот - набљудувач ги сноси РФМ. Такса во висина за лигата од која е натпреварот,патни трошоци, и дневница ако е во работен ден надвор од местото на живеење.

Доколку некој од клубовите инсистира на дополнителна-супер контрола, трошоците паѓаат на сметка на клубот. Трошоците ги исплаќа пред натпревар на ист начин кога е домаќин на натпреварот.

Доколку некоја од екипите од пониските рангови на натпреварување побара судии од супер лига тогаш е должна да ја исплати вкупната такса во висина на супер лига, патни трошкови и дневница ако е натпреварот во работен ден и се игра надвор од градот на живеење.

По завршување на натпреварот, делегатот - контролор е должен да обави краток разговор со судиите, за примената на нивната интерпретација на правилата на ракометната игра во текот на натпреварот, и да ја соопшти оценката.

Делегат-контролорот е должен веднаш по натпреварот на тел број 078/276-003, да го јави резултатот од натпреварот по СМС, а најдоцна 48 часа по натпреварот да ја достави контролата до Комесарот за натпревари ако натпреварот се игра во сабота, а во рок од 24 часа во сите останати случаи.

Ненавремено јавување или доставување повлекува казна согласно Дисциплински правилник на РФМ.

Сите контроли се отвараат и се објавуваат во службен билтен.

Анализа на контролата може да побара: Комесарот за натпревари, екипите и судиите.

Анализа на контролата врши Комисијата за Стручни прашања на РФМ. За ваква анализа по барање на клубовите се наплаќа 5.000,оо ден., а доколку ваква анализа бараат судиите,

се уплаќа такса во висина од една судиската такса. Во случај контролата да биде поништена уплатените средства се враќаат.

Член 25

Во случај да еден или повеќе ракометари или службени претставници бидат дисквалификувани - плав картон (обид за физички напад, физички напад, плукање, и се што се подразбира под грубо и екстремно грубо неспортско однесување), сторителите на прекршокот должни се во рок од 24 часа да достават писмена изјава до Комесарот за натпревари на е-маил: rfm.prvenstvo@macedoniahandball.com.mk, nikolovslave@yahoo.com и до координаторот на Супер лиги karbeska@gmail.com За дисквалификуваните ракометари или службени лица, делегатот-контролор на натпреварот е должен да во писмена форма (или електронски) го извести комесарот за натпревари.

Од претходното се изземаат ракометари кои се дисквалификувани поради трето исклучување на временска казна од 2 минути, како и дисквалификувани играчи поради груб прекршок во игра према противнички играч, бидејќи казната се однесува само за тој натпревар.

Играч дисквалификуван за груб прекршок во играта во последните 30 секунди од натпреварот се казнува автоматски со еден натпревар неиграње. Судиите и контролорот за случајот задолжително пишуваат изјава и одма по завршување на натпреварот истата преку ја праќат до Комесарот за натпревари на е-маил:nikolovslave@yahoo.com и до координаторот на Супер лига karbeska@gmail.com

Доколку сторителите на прекршокот не достават писмена изјава во рок од 24 часа (по е-маил) до Комесарот за натпревари и Координаторот на Супер лиги, Дисциплинската комисија ке решава без изјави, а прекршителот ке биде казнет согласно Дисциплинскиот правилник на РФМ.

Доколку делегатот-контролор наведе лица кои биле присатни на настанот, Комесарот за натпревари цени дали е потребно да земе изјави на сведоците или ги повика на службен разговор за појаснување на случувањата.

Дисквалификуваните ракометари во случај на дисквалификација надвор од теренот на полувреме, или поради грубо и екстремно неспортско однесување кон сите актери на натпреварот, како и сите службени лица подлежат на автоматска суспензија на неиграње, односно неизвршување на функција до донесувањето на одлука од страна на Дисциплинската комисија на РФМ. Дисквалификуваните должни се во рок од 24 часа да достават изјава по е-маил на Комесарот за натпревари nikolovslave@yahoo.com, и на Координаторот за Супер лиги karbeska@gmail.com

Доколку Комесарот за натпревари има сознание или дојава за прекршување на правилата за игра, несанкционирани опасни прекршоци на одигран натпревар или груби дисциплински прекршоци а за истите не се превземени соодветни санкции од страна на службените лица (судиите и делегатот), а со гледање на снимката од натпреварот утврди дека имало елементи за превземање на санкции а не се превземени, за прекршителите ќе поднесе пријава до Дисциплинкса комисија на РФМ.

Доколку суспендиран или казнет ракометар, како и казнет службен преставник биде внесен во записник на првенствен или куп натпревар, истиот ќе се регистрира со службен резултат 10 : 0 за противничката екипа и минус еден (-1) бод од бодовното салдо за екипата за која настапил, а прекршителот ќе биде казнет-а согласно Дисциплинскиот правилник на РФМ.

Член 26

Делегирањето на судиите и делегатите во лигите се врши со полудиригиран жреб и истото го објавува на интернет странaта на РФМ www.macedoniahandball.com.mk што се смета како известување до сите клубови и службени лица. Откажувањето на судиите од делегирањето се врши писмено најдоцна 96 часа пред одигрување на натпреварот, а оправданоста за отказот ја цени Комисијата. Неоправдано откажување или недоаѓање повлекува дисциплинска постапка и казна согласно Дисциплински правилник на РФМ.

Записничар - мерач на времето се делегира од страна на Зборот на судиите од местото каде се игра натпреварот, а по барање на клубот домаќин.
Во случај да нема судија-записничар записникот може да го води оспособено лице под надзор на делегатот на натпреварот каде нема судиски збор.
Во местото каде нема судиски збор клубот домаќин е должен да одреди записничар -мерач на време, оспособено лице со посебна лиценца. Доколку во местото каде нема судиски збор, клубот домаќин не обезбеди записничар и мерач на времето со посебна лиценца, клубот домаќин ќе биде казнет со парична казна од 3.000,оо денари.
Во колку првенствениот натпревар го откажат двајца делегирани судии, нив ќе ги замени службената замена одредена од Комесарот за натпревари. Во случај да судиите од оправдани причини не допатуваат на натпреварот, истиот не се игра, а трошоците за неодиграниот натпревар како и трошоците за ново закажаниот (го закажува Комесарот за натпревари) се на терет на клубот домаќин, односно на клубот гостин. (што значи секој клуб ги сноси своите трошоци).
Во случај судиите од неоправдани причини не допатуваат на натпреварот, натпреварот не се игра, а трошоците за следниот натпревар (кои ги цени Комесарот за натпревари паѓаат на терет на судиите кои ќе бидат реализирани преку РФМ - Комесарот за натпревари, а против нив ќе се поведе дисциплинска постапка.
Во случај да не дојде еден од делегираните судии натпреварот ќе го води судијата кој е присутен (сам).
Делегат - контролор и судиите се должни да бидат присутни еден час пред почетокот на натпреварот, да извршат контрола на теренот согласно на Правилата на ракометната игра и Пропозициите.
По Првото и Второто коло од есенскиот дел, како и Првото и Второто коло од Пролетниот дел, секој делегат-контролор задолжително доставува посебен извештај до Комесарот за натпревари за состојбата на теренот за игра како и соблекувалните на екипите и службените лица.
Судиите се должни 5 минути пред почеток на натпреварот да ги повикаат ракометарите - ракометарките да постапат по процедурата за почеток на натпреварот (согласно член 7 од Упатството за организација на ракометните натпреварувања).
Судиите се должни по натпреварот да дадат изјава и го оверат записникот од натпреварот, и во него да ги внесат сите свои забелешки во врска со исклучувањата на ракометарите, дисквалификација на ракометари и се друго што е во врска со натпреварот. Истото се однесува и на делегатот-контролор.
Доколку е најавена жалба на нивното судење должни се во записникот да дадат појаснување за наводите во жалбата.
Во случај на дисквалификација на ракометари или службен претставник на полувреме од клупа за резервни играчи, во текот на играта за неспортско однесување, Контролорот и судиите пишуваат изјави каде што ке ги наведат причините за дисквалификацијата (освен за наведените случаи од член 25) и по е-маил веднаш по натпреварот ке ги известат Комесарот на натпревари и Координаторот на Супер лиги.
Во случај натпреварот да е прекинат или неодигран од било кои причини делегатот-контролор и судиите се должни целосно случајот да го опишат во вид на изјава, истото ќе го сторат и кога е најавена жалба од било која екипа и по пат на е-маил ги известат Комесарот за натпревари и Координаторот за Супер лиги (веднаш по натпреварот). Во случај на најавена жалба, задолжително треба да дадат свое видување за наводите на жалбата во вид на изјава и истата веднаш по натпреварот по е-маил ја достават до Комесарот за натпревари и координаторот за Супер лиги.

Член 27

Делегатот-контролор е должен во рок од 48 часа ако натпреварот се игра во сабота, а 24 часа во сите останати случаи по одигрувањето на натпреварот да го достават записникот

со ЦД-то или УСБ-то до Комесарот за натпревари со препорачана пратка или лично. Во спротивно делегат-контролорот се казнува согласно Дисциплински правилник на РФМ.

Записникот мора да биде составен непосредно по завршување на натпреварот во присуство на по еден претставник на клубовите, судиите, делегатот, контролорот, записничарот, мерачот на времето, лекарот и комесарот за безбедност.

Доколку од било кои причини оригиналниот записник од натпреварите биде уништен, веднаш мора да се состави нов записник во присуство на претставниците на клубовите, судиите, делегатот и записничарот. Ваквиот записник се оверува од присутните со својот потпис, а дополнителни наоди и измени на записникот не се допуштени.

Доколку било која од екипите спречи изготвување на записник, истата ќе се казни со 50.000,оо денари, а судиите и делегатот се должни во рок од 24 часа да поднесат писмен извештај.

Доколку службениот пртставник на клубот, судиите и записничарот не сакаат да го потпишат записникот, против истите ќе се покрене дисциплинска постапка на основа пријава на делегатот, и истото ќе се смета за грубо неспортско однесување.

За нестанок или уништување на записникот од било кое лице на игралиштето или во просториите на клубот, клубот ќе се казни со парична казна од 30.000,оо денари, на основа пријава на делегатот. Прекршокот ќе се смета како многу грубо неспортско однесување.

За неисполнување на обврските од членовите 26 и 27 од овие Пропозиции, прекршителите се суспендираат и се покренува дисциплинска постапка.

Член 28

За дисциплински прекршоци на ракометари, судии, делегати, контролори, записничари и мерачи на време, тренери и претставници на клубови, решава и во прв степен донесува одлука Дисциплинската комисија, согласно Дисциплинскиот правилник на Ракометната Федерација на Македонија и овие Пропозиции.

Член 29

Оној кој ќе ја повлече екипата од понатамошниот тек на натпреварот подлежи на задолжителна дисквалификација и ќе се казни согласно Дисциплинскиот правилник на РФМ.

За обид се казнува: екипата која го напушта теренот и се врати во определеното време од 3 мин. за да го продолжи натпреварот се казнува со парична казна од 50.000,оо денари, а лицето кое се обидело да ја повлече екипата се казнува согласно Дисциплински правилник на РФМ.

Ако екипата која го напушти теренот не се врати, а натпреварот трајно се прекине, натпреварот се регистрира со службен резултат 10:0 за противничката екипа и минус еден (-1) бод од бодовното салдо на екипата која го напуштила теренот како и со парична казна во висина до 100.000,оо денари согласно Дисциплински правилник на РФМ.

Член 30

На одиграниот натпревар клубот има право на жалба која се најавува исклучиво преку овластен претставник од клубот. Најавувањето на жалбата се врши во службениот записник по завршувањето на натпреварот најдоцна 30 минути по одиграниот натпревар. Во неа мора да се наведат кратко мотивите на жалбата, а во рок од 48 часа во писмена форма преку е-маил: rfm.prvenstvo@macedoniahandball.com.mk nikolovslave@yahoo.com, и karbeska@gmail.com детално да ја образложат жалбата. Судиите и контролорот мора да го дадат своето мислење во писмена форма (на истите е-маил адреси) со наводите во најавената жалба.

ЦД-то или УСБ-то од натпреварот се зема како доказен материјал за решавање на жалбата. Комесарот за натпревари снимката ќе ја гледа само во случај жалбата да се разгледува.

Жалбата за регистрација и право на настап на играчите, услов за одигрување на натпреварот мора задолжително да се најави пред почетокот на натпреварот, во спротивно истата не се зема во разгледување.

Писмено образложение на поднесената жалба од клубот кој се жали и уплатата во износ од 10.000,оо денари мора да се достави до Комесарот за натпревари најдоцна 48 часа по одигрување на натпреварот. Жалбата мора исклучиво да ги содржи елементите кои се наведени во службениот записник по завршување на натпреварот, зашто се останато нема да биде предмет на жалбата и разгледување.

Жигот на поштата од препорачаната пратка се зема како доказ за оцена на благовременоста на испратената жалба. За ненавремено доставување на писменото образложение или уплатата за најавената жалба, истата не се разгледува. Жалителот може да се откаже од жалбата се до нејзиното донесување, односно се до донесувањето на одлука по неа и тоа со писмено образложение. Во тој случај уплатата се враќа. Во колку е најавена жалба за натпреварот со писмено образложение дека е направена материјална повреда на правилата на ракометната игра, по истата толкување Комесарот за натпревари натпревари а решава Дисциплинската комисија на РФМ. Постапката за најавување на жалбата по основ материјална повреда на ракометната игра е иста во однос на предвидената такса и рокот на доставување.

Одлуката на Дисциплинската комисија се објавува на интернет страната на РФМ <u>www.macedoniahandball.com.mk</u> и истото се доставува по електронска пошта до клубовите што се смета дека датумот и времето на објавување е датум на предавање на решението до странките во жалбената постапка (билтенот).

Против одлуката на првостепениот орган Дисциплинската комисија, право на жалба имаат и поединци (ракометари, делегат-контролор, судија и останатите службени лица) со доставување на писмено образложение во врска со поднесената жалба и уплатата од 5.000,оо ден. во рок од 8 дена по добивање на билтенот.

Молбата се доставува преку првостепениот орган Дисциплинската комисија до второстепениот орган – Арбитражна комисија.

Првостепениот орган Дисциплинската комисија е должен во рок од 3 (три) дена да постапи по наводите на жалбата и доколку најде дека по истата нема што да се изјаснува, жалбата ќе ја достави до второстепенот орган во рок од 3 (три) дена. Како време на поднесување на жалбата (благовремен рок) се зема времето кога жалбата е доставена непосредно или е предадена на пошта со препорачана пратка.

## Член 31

По одлука на Дисциплинската комисија незадоволната странка има право на жалба до Второстепениот орган на РФМ, и истата се поднесува во рок од осум (8) дена по објавувањето на Билтенот.

Молбата се доставува преку првостепениот орган Дисциплинската комисија до второстепениот орган.

Првостепениот орган е должен во рок од 3 (три) дена да постапи по наводите на жалбата и доколку најде дека по истата нема што да се изјаснува, жалбата ќе ја достави до второстепенот орган во рок од 3 (три) дена. Како време на поднесување на жалбата (благовремен рок) се зема времето кога жалбата е доставена непосредно или е предадена на пошта со препорачана пратка.

<u>Со најавената жалба задолжително уплатува износ од 10.000,оо денари.</u>

Проценка на благовременоста на жалбата ќе се земе во предвид датумот на поштенскиот жиг од препорачаната пратка и доказ за извршената уплата на таксата. Второстепената одлука мора да се донесе во рок од осум (8) до 30 (триесет) дена од приемот на жалбата.

Доколку во предвидениот рок не е доставена жалба или за истата не е извршена уплата жалбата се одбива.

Првостепениот орган е должен во рок од 3 (три) дена да постапи по наводите на жалбата и доколку најде дека по истата нема што да се изјаснува, жалбата ќе ја достави до второстепенот орган во рок од 3 (три) дена. Како време на поднесување на жалбата (благовремен рок) се зема времето кога жалбата е доставена непосредно или е предадена на пошта со препорачана пратка.

Одлуката на второстепениот орган на Ракометната Федерација на Македонија е конечна.

Барање за заштита на законитоста се поднесува до Управниот одбор на Ракометната Федерација на Македонија во рок од осум ( 8 ) дена по приемот на решението на второстепениот орган на Ракометната Федерација на Македонија со приложена потврда за уплата од 20.000,оо денари ако постапката бара итност, а 10.000,оо денари ако постапката е во редовна процедура на име такса за жалба, која такса е неповратна. Без приложен доказ за извршена уплата на таксата, жалбата нема да се разгледува.

Член 32

За прекин на првенствен натпревар поради физички напад на судиите, играчите или службените лица, за неодигран натпревар, до крај прекината средба, за настап за клуб на ракометар кој нема право или слични случаи ќе се применуваат одредбите од овие Пропозиции, Правилникот за ракометни натпреварувања, Дисциплинскиот правилник и Правилата за ракометна игра.

Клубот организатор - за слаба организација на натпреварот - ( напад на службени лица-судии, делегат-контролор, записничарот и мерачот на времето и играчите и претставниците на гостинската екипа) ќе се казни - согласно Дисциплинскиот правилник, Правилникот за ракометни натпреварувања и овие Пропозиции.

Клуб кој официјално нема да гарантира безбедност на противничката екипа или на службените лица или не обезбеди потребен број редарска служба се казнува, со забрана на играње на свој терен, се додека не се добијат гаранции за нормално одигрување на натпреварите.

Член 33

Вонредно ублажување на казни врши Собранието на Ракометната Федерација на Македонија, врз основа на благовремено претходно доставено писмено образложение на барањето.

Член 34

Сите одиграни натпревари Комесарот за натпревари ги регистрира во рок од осум (8) дена (освен натпреварите предвидени со член 31) од нивното одигрување врз основа на материјални докази кои произлегуваат од службената документација (записник од одиграниот натпревар, посебен извештај од судиите, делегат - контролор, контролор-наблудувач, дополнително барање од страна на Комесарот за натпревари, ЦД, УСБ, пријава на службени лица по службена должност, изјава на службените лица на клубовите и друго).

Во случај ако на одиграниот натпревар се вложи жалба, рокот за регистрација се продолжува за 15 дена. Во исклучителни случаи потреба за прибирање на дисциплински докази и материјали може да биде продолжен највеќе до 30 дена.

Член 35

Комесарот за натпревари задолжително објавува Билтен кој се објавува на интернет страната на РФМ www.macedoniahandball.com.mk. и истиот се доставува по електронска пошта до клубовите.

Билтенот е јавно гласило, пишан акт за сите одлуки, со тоа што во Билтенот мора да бидат назначени елементи од членовите на Дисциплинскиот правилник на Ракометната Федерација на Македонија, Пропозициите или други нормативни акти како и правна поука во изречените казни.

Член 36

Со натпреварувањето во лигите раководи Комесарот за натпревари, како и органи на УО на РФМ.

Член 37

Ако една екипа во текот на првенството од било кои причини се откаже или е исклучена од натамошното натпреварување нејзините резултати постигнати во натпреварувањето се:

-бришат ако екипата одиграла помалку од 51 % од натпреварите ;
-регистрираат со службен резултат 10:0 ( -1 ) бод по натпревар.

Член 38

1.Службените лица имаат право да користат сопствено возило. Во потврдата задолжително се наведува регистарскиот број на возилото.
2.Цената за еден 1 км изнесува 12 % од вредноста на горивото за 1 литар ако патува едно лице (делегат-контролор) или две лица (судии).
3.Во случај да со возилото допатуваат три службени лица (судии и делегат) право на надомест за километража изнесува 20 % од вредноста на горивото за еден литар.
4.При користење на сопствено возило следува и наплатата на патарината која обавезно се приложува со потврдата за наплата на трошкови.
5.Делегатот - контролор задолжително ја контролира и потпишува потврдата за исплата на службените трошоци доставена од судиите.
6.Трошоците согласно член 23 од Пропозициите за натпреварувачката сезона 2019 / 2020 година се исплаќаат пред почеток на натпреварот.
7.Судиите делегирани од исто место имаат право на користење само на едно возило. Во случај да користат две возила износот од 12 % се дели на двете возила.
Измените се направени со цел да се овозможи независност на судиите и делегатите во делот на патувањето на натпреварите како и можност истите да бидат подеднакво опфатени при делегирањето.

Член 39

За се што не е предвидено и прецизирано со овие Пропозиции важат одредбите на Регистрациониот правилник, Дисциплинскиот правилник, Правилата на ракометната игра, како и други нормативни акти на РФМ. За толкување на измени и дополнување на овие Пропозиции надлежен е Управниот одбор на РФМ.

Овие Пропозиции се предложени на Конференцијата на ракометните клубови од Супер машка ракометна лига на ден 19.06.2019 година, а утврдени согласно член 34 и 35 од Статутот на РФМ.

.

РАКОМЕТНА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
УПРАВЕН ОДБОР
ПРЕТСЕДАТЕЛ,
ЖИВКО МУКАЕТОВ с.р.